09-387/2
30-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница, одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Пријавата со бр. 09-387/1 од 20.01.2026 година, со наводи за судир на интереси против службеното лице -----, директор на ------- СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не укажуваат на постапување на службени лица спротивно на одредбите за судир на интереси, поради што не се исполнети законските услови за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-387/1 од 20.01.2026 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител – достава на списи на надлежност од страна на Министерство за култура и туризам – Сектор за управен и инспекциски надзор. Наводите од претставката која се доставува на надлежно постапување се однесуваат на сомневање за постоење на судир на интереси при постапување на службено лице ----- директор на --------- при ангажирање на лицето ---------- во претставата -------- против службеното лице ---------, директор на --------. Во однос на останатите наводи од пријавата е постапено од страна на Министерство за култура и туризам – Сектор за управен и инспекциски надзор.

Во прилог на пријавата е доставен Записник за извршен инспекциски надзор ИП1бр.57-75 од 23.12.2025 година од страна на --------, Сектор за управен и инспекциски надзор, каде што е констатирано следното:

Министерството --------- со --------- склучило Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на ---------- за 2025 година од обласа на драмската дејност, Барање за измена на годшината програма, Одлука за усвојување на измена на годишната програма за 2025 година, Образец за нацрт годишна програма на националните установи за 2025 година, Мислење од Комисијата за драмска дејност за 2025 година и Анекс во кој како замена се додава претставата „----- од Езоп“ – адатапција и режија на ------.

Оттука, при инспекцискиот надзор е утврдено дека --------дало согласност за реализација на претставата „---------“ –адатапција и режија на -----------, со одобрени средства во износ од 400.000 денари, по што со лицето е склучен Договор со бр. 03-541 од 22.07.2025 година.

Исто така, директорот на -------------, има дадено изјава за ангажирање на наведеното лице во која дава позитивна препорака за лицето ----------.

Врз основа на пријавата и доставената прилог документација, Државната комисија констатира дека наводите во пријавата не укажуваат на постоење на состојба на судир на интереси која е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не постои забрана за ангажирање на лицеа во менторски однос, како што е случајот помеѓу директорот на ------------- студент ангажиран како режисер во претстава. Наведените лица не претставуваат блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил:м-р Б.К.Ш. – член на ДКСК